# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СРЕДНОВЕКОВНА ИСТОРИЈА И ВИЗАНТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1602 – 148 /6 од 23.8.2018 година, донесена на 123. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 23.8.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *средновековна историја* и *византологија* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" на 3.7.2018 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. д-р Стојко Стојков. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Стојко Стојков** е роден на 16 април 1974 год. во Сандански (Република Бугарија), каде што завршува основно и средно образование. Во учебната 1992/1993 година се запишува на Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Студиите по историја успешно ги завршува во 1997 год. со просечен успех од 9,08 и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по историја. Како најдобар студент на генерацијата, Стојко Стојков е добитник на наградата „Љубен Лапе". Во 1997 год. Стојков се запишува на постдипломски студии на Институтот за историја, отсек Историја на македонскиот народ до крајот на XIV век. Студиите ги завршува со висок просек од 9,80, а во јули 2003 год. успешно го одбранува својот магистерски труд под наслов „Македонија помеѓу Византија и Бугарија од VII до X век" и се стекнува со академскиот степен магистер по историски науки. Во јануари 2013 год., на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стојко Стојков успешно ја брани докторската дисертација под наслов „Поимите Словени и Бугари во Македонија и Бугарија од VII до XIII век (појава и значење)" и се стекнува со научниот степен доктор на историски науки.

По дипломирањето, д-р Стојко Стојков работи како преведувач на историски документи за Архивот на Македонија, потоа како новинар во неделникот „Македонско сонце", како новинар и главен уредник на билтенот „Македонски глас" (Бугарија), а од декември 2003 год. до денес работи како новинар и заменик на главниот уредник на весникот „Народна волја" (Благоевград). Д-р Стојко Стојков пројавил забележителна активност и во рамките на пиринското студентско друштво во Скопје (претседател и секретар од 1994 до 1996 г.), потоа во ОМО „Илинден" (1990-1998 г.), во Сојузот за просперитет на Пиринска Македонија (1992-1993 г.), во ОМО „Пирин" (2004-2006 г. како копретседател) и во ОМО „Илинден-Пирин" (2006-2018 г. како копретседател и портпарол). Од 2014 г. е вработен како доцент на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип. Од 2015 г. е член на претседателството на Комитетот за византологија и медиевистика на Република Македонија.

Главен интерес во неговата научна работа претставуваат темите: влијание на идеологиите врз интерпретациите на минатото, етничките прашања во средниот век, Македонија во средниот век, Византија како историја и наследство, појавата и развојот на нациите на Балканот, положбата на македонското малцинство во Бугарија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент за научната област во која се избира: избран за доцент во јануари 2014 г. на Факултетот за образовни науки.
2. ***Објавени најмалку*** пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стојко Стојков | Крунисувањето на Самуил и митот за царот евнух | Гласник на ИНИ, 2014 | 1956 - 2014 |
| 2 | Стојко Стојков | Бугарскиот етнос и мултиетничка Бугарија во византиските извори во X в. | Гласник на ИНИ, 2015 | 1956 - 2015 |
| 3 | Стојко Стојков | Јазик словенски во старословенските текстови (IX – XIV век) | Историја, 2016 | 1966 - 2016 |
| 4 | Стојко Стојков | Концепции за решавање на македонското прашање на страните на весникот Пиринско дело (1945 – 1947) | Гласник на ИНИ, 2016 | 1956 - 2016 |
| 5 | Стојко Стојков, Наталия Владимировна Бутусова | О проблемах гарантирования прав македонского национального меньшинства в Болгарии | Сравнительное конституционное обозрение, №3 (124) | 1993 - 2018 |
| | Н.В.Бутусова, Т.В.Заметина, Стойко Стойков | Государственная национальная политика как гарантия национального самоопределения (на примере России и Болгарии) | Современное общество и право, № 2 (23) | 2010 - 2016 |
| 6. | Стойко Стойков | Македонското малцинство во Бугарија и немоќта на меѓународниот правозаштитен систем | Человек в глобальном мире, Материалы | Международной научной конференции (Воронеж, 18–20 мая 2015 г.). Воронеж 2015 |
| 7. | Стојко Стојков | Фикцијата на објективните критериуми против правото на самоопределување: примерот на македонското малцинство во Бугарија | Зборник на научни трудови | Втора научна меѓународна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, 3-4.9.2015, Штип |
| 8. | Стојко Стојков | Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта | Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија | Штип, 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Наталија Бутусова, Стојко Стојков | За гаранцијата на правата на македонското национално малцинство во Бугарија | Proceedings | International scientific conference Social change in the global world (2, 2016) |
| 10. | Стојко Стојков | Свети Климент како наш и каков? | Климентово дело | Штип, 2016 |
| 11. | Стојко Стојков | Планирање на минатото - сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика | 70 години институт за историја | Скопје, 2017 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од јануари 2014 г. е вработен како доцент по средновековна историја на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и ги предавал предметите: Источно Римско Царство Византија (300 – 1000 г.), (2014 – 2018), Источно Римско Царство – Византија (11 в. – 1453), (2014 – 2018), Европа во средниот век (300 – 1000), (2014 – 2018), Европа во средниот век (1000 – 16 в.), (2014 – 2018), Историја на Рим (2013/2014), Извори и историографија на Македонија во средниот век (2016 – 2017), Империјата на новиот Рим (Византија, 325 – 1025), (2017 – 2018), Империјата на новиот Рим (Византија, 1025 – 1453), (2017 – 2018), Македонија во средниот век (2018/2019). Во рамките на неговите работни обврски изработил елаборат за втор циклус студии: Византија и Балканот во средниот век. Член е на редакцијата на Годишниот зборник на Институтот за историја и археологија.

Во својот досегашен ангажман д-р Стојко Стојков пројавил забележителна активност на научен план. Објавил повеќе научни, стручни и научно-популарни прилози во научни и стручни списанија и во весници, учествувал со реферати на повеќе симпозиуми и меѓународни научни конференции, во земјава и во странство, собрал и објавил повеќе спомени и документи од научно значење.

***Монографии***

1. Табу, време на страх и страдание, преследването на Македонците в България по времето на комунизма (1944 – 1989), Благоевград 2014 г. (зборник документи и спомени). Особено значаен прилог во истражувањето на една малку позната и важна тема во македонската историја – репресиите против луѓето со македонска самосвест во комунистичка Бугарија меѓу 1944 – 1989 г. Содржи голем број спомени на репресирани Македонци, повеќето од кои се објавуваат првпат или биле објавени во тешко достапни весници и списанија. Придружена е и со поголем број архивски документи. Содржи вкупно 550 страници формат А4.

2. Осъдена надежда, Благоевград, 2015. Монографијата е посветена на слабо познатата тема за појавата, развојот и распадот на ОМО „Илинден“ (1990 – 1993 г.)

***Статии во меѓународни научни списанија***

1.Крунисувањето на Самуил и митот за царот евнух, Гласник на ИНИ 2014 г., 73-92. Студиозен научен прилог за времето и начинот на кој бил крунисан Самуил за цар, како и дилемата дали евнухот Роман бил цар или не. Понудени се нови и оригинални интерпретации.

2. Бугарскиот етнос и мултиетничка Бугарија во византиските извори во X в. Гласник на ИНИ, 2015, с. 63 – 86. Детална анализа на податоците во византиските извори од X в. за „Бугарите“ од кои се согледува дека во нив не е забележано ниту претопување на т.н. Прабугари, а ниту создавањето на нов словенски народ. До крајот на истражуваниот период за византиските автори Бугарите се народ од турско потекло, а Бугарија започнува да се гледа како пандан на Византија – надетничка и мултиетничка структура.

3. Јазик словенски во старословенските текстови (IX – XIV век). Историја, Здружение на историчарите на Република Македонија, 50/51 (1) 2016, 121-146. – Научен

прилог за Словените и словенскиот јазик во староcловенските текстови. Понудени се нови и оригинални согледувања дека до XIII в. во старословенските текстови Словените се разбираат како еден народ, со еден јазик, а не како група од народи со посебни јазици, што директно противречи на мислењата за постоење на оформени словенски народи на Балканот пред XIII в.

4. Концепции за решавање на македонското прашање на страните на весникот *Пиринско дело* (1945 – 1947). Гласник на Институтот за национална историја, 1 (60), 2016, 225-248. Преку анализа на содржините на овој весник се презентираат нови согледувања за процесите што течеле во бугарската држава и бугарската комунистичка партија во однос на нивните позиции спрема македонското малцинство и нација. Применети се паралелно и статистички и хронолошки методи за истражување, што води до оригинални резултати.

5. О проблемах гарантирования прав македонского национального меньшинства в Болгарии, *Сравнительное конституционное обозрение,* №3 (124) 2018, Стойко Стойков, Наталия Владимировна Бутусова, 15-32. Научен прилог за проблемите на македонското малцинство во Бугарија од историски и од правен аспект.

6. Государственная национальная политика как гарантия национального самоопределения (на пример России и Болгарии), Современное общество и право, № 2 (23) 2016 Апрель-июнь, Государственный университет - учебно-научно-производственный комплекс (Госуниверситет-УНПК) 2016 (Н.В.Бутусова, Т.В.Заметина, Стойко Стойков), 91-99. Компаративна анализа на политиката спрема малцинствата и гаранцијата на правата на националните малцинство во Русија и Бугарија и принципот на правото на самоопределување. Во бугарскиот случај како пример е користена положбата на македонското малцинство во Бугарија.

***Статии во зборници од меѓународни научни конференции***

1. Македонското малцинство во Бугарија и немоќта на меѓународниот правозаштитен систем, Человек в глобальном мире, Материалы Международной научной конференции (Воронеж, 18–20 мая 2015 г.), Воронеж 2015, 49 – 53. Научен прилог посветен на слабостите на меѓународниот систем за заштита правата на човекот, разгледан низ историјата на дискриминација на македонското малцинство во Бугарија и млаките напори на меѓународните институции, неспособни да ја натераат Република Бугарија да ги имплементира нивните препораки и пресудите на Европскиот суд за правата на човекот во Стразбур.

2. Фикцијата на објективните критериуми против правото на самоопределување: примерот на македонското малцинство во Бугарија. Зборник на научни трудови, Втора научна меѓународна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, 3-4 септември 2015, Штип, 660-676. Анализа на принципот на правото на самоопределување на т.н. објективни и субјективни критериуми и нивната примена во реалноста низ примерот на македонското малцинство во Бугарија. Оригинален е ставот дека реално не постојат објективни критериуми, бидејќи за да можат воопшто да станат критериуми тие треба прво субјективно да бидат доживеани како разграничувачки и формирачки фактори.

3. Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта. „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“: зборник на трудови, Штип, 2016, 63 – 66. Интересен прилог за интерпретацијата и изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта во времето на комунизмот.

4. За гаранцијата на правата на македонското национално малцинство во Бугарија. Proceedings, International scientific conference Social change in the global world (2, 2016), заедно со Наталија Бутусова, 677 – 694.

5. Свети Климент како наш и каков?, Меѓународна научна конференција „Климентово дело“, Штип, 2016, 175-194. Научен прилог за св. Климент, со детална анализата на причините и начините на кои византиските несловенски архиепископи во Охрид го етикетирале како „Бугарин“, како и тешкотијата со која нивната интерпретација навлегла во словенските извори во доцниот среден век.

6. Планирање на минатото - сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика. 70 години Институт за историја - 70 години македонска историографија, Скопје, 2017, 177-216. Компаративна анализа на развојот на македонската и бугарската историографија, со посебен акцент на формирањето на националниот мит и историскиот наратив во двете земји, политичките збиднувања и предизвици, кои влијаеле врз оформувањето и еволуцијата на основните идеи и интерпретации во нив, преку конфронтација и позајмување.

***Статии во зборници од научни конференции***

Битолската плоча – дилеми и интерпретации, Самуиловата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија, Струмица 2015, 80-105. Со детална анализа на битолската плоча, авторот нуди нови критики на постоечките читања, нови хипотези и интерпретации, а ги истражува и проблемите за нејзината автентичност и читање.

***Статии во научни списанија***

Македонското малцинство во Бугарија од признавање кон негирање 1948 – 1989. Годишен зборник на ФОН, 6 (1) 2016, 67-86. Прилог кон историјата на македонското малцинство во бугарската политика од неговото признавање до неговото негирање во времето на комунизмот.

***Скрипта***

Византија во вториот милениум, УГД – Штип, 2016 (скрипта со практикум).

Скриптата ги покрива потребите за наставен материјал по предметите Источно Римско Царство – Византија (11 в. – 1453) и Империјата на новиот Рим (Византија, 1025 – 1453), (2017 – 2018).

***Пленарни предавања на меѓународни научни конференции***

Свети Климент како наш и каков?, Меѓународна научна конференција „Климентово дело“, Штип, 2016.

***Предавања на меѓународни научни конференции***

Прогонување на непостоечките. In: Macedonia: on the periphery of European modernity, 17-19 July 2015, Lerin, Greece.

Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта. „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“: Меѓународна научна конференција, Штип, 2016.

Term Sclavinia – Byzantium invention or wester influence? – меѓународен византолошки конгрес, Белград, 2016.

Свети Климент: епископ словенски / епископ на Бугарија, Меѓународен научен собир „Милениумското зрачење на свети Климент“, МАНУ, 28-29 октомври 2016.

Планирање на минатото - сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика. 70 години Институт за историја - 70 години македонска историографија, Скопје, 2016.

***Предавања на научни конференции***

Битолската плоча – дилеми и интерпретации, Самуиловата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија, Струмица, 2015.

Царство, етничности, наследства, интерпретации. Реферат прочитан на Свечениот собир и тркалезна маса по повод одбележувањето на 1000 години од битката на Беласица и смртта на цар Самуил, 6.10.2014, МАНУ – Скопје, Македонија.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Македонците во бугарската политика (1948-2014). Сценарио за документарна емисија: Македонска радио телевизија, Скопје, 2015.

Елаборат за втор циклус студии - Среден век: Византија и Балканот во средниот век.

Член на Редакција на Годишен зборник на Институтот за историја и археологија.

Член на Организациски одбор на меѓународен зборник од Меѓународна научна конференција „Климентовото дело“, Штип, 2016, Филолошки факултет.

Член на научна комисија на зборник на трудови од Меѓународна научна конференција „Образованието во XXI в. – состојби и перспективи“, 24- 25 септември 2015, Факултет за образовни науки, Штип, 2015.

Член на раководството на Комитетот по византологија и медиевистика на Р. Македонија.

***Научно-популарни статии во странство***

Фалшификация или актуализация на паметта?, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, декември 2015 – април 2016.*

Национални мистификации – от песента до смъртта, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* декември 2014.

Пишман мајки, маќеи и сирачиња: *МПЦ меѓу бермудскиот триаголник на православниот етнофилетизам и маѓепсаниот круг на очајот, Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* јануари 2018.

По следите на истината или опит за прехвърляне на вината?! *Рецензия на втората част на книгата на Борис Павлов „По трагите на вистината (спомени за една голема љубов)”, Прилеп, 2015 (Македонски глас, бр. 35 – 36, 2015, с. 13 – 15).*

Чукчата на българската историография, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* септември 2014.

http://www.narodnavolja.com/articles2015/03/txt06.asp Чобан – наука за овча аудитория, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, април 2015.*

Всеотдайност, вяра и пълна посветеност на каузата (рецензия на книгата Гнева на правдата от Георги Христов), *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, мај 2017.*

*Масова маргиналност: насилие, политика и памет, Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, мај 2016 – јуни 2018.*

*С басни срещу истината, със страх срещу правото, Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, октомври 2013 – мај 2018.*

*Серија спомени и материјали за репресирани Македонци во Бугарија:*

Пострадал, защото е македонец, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, јуни – јули 2015.*

Спомени и материали за Вангел Тиков, Народна волја, септември – јануари.

Докрай ще си остана Македонец, Иван Стойков Петров – спомени, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* мај – октомври 2014.

Спомени на Христо Пелтеков: борец за свободата на Македония, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* октомври 2014 – февруари 2015.

Достоен защитник на македонската кауза, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* март – јули 2015.

Илия Божиков Тевилов: достоен защитник на македонската кауза, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* август - ноември 2015.

Димитър Крумов Иванов - несломим борец и пламенен пропагандатор на македонската кауза, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* декември 2015 – февруари 2016.

За борбата за свободна и самостоятелна държава Македония, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* октомври - ноември 2015.

Всеотдаен борец за свободна и независима Македония: Свидетелства за един достоен македонец - Георги Дукимов, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* март – декември 2016.

Ние се борим за свободна и независима Македония, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* јануари – јуни 2017.

Ние нощес създадохме македонска организация, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, јуни – август 2017.*

Стоян Николов Георгиев (Томовичин), *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* август 2017 - април 2018.

Свидетелства за един достоен Македонец – Ѓорги Поп-Атанасов, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* мај - јуни 2018.

<u>*Серија средновековна историја на Македонија:*</u>

Римска провинция Македония, Македония в късната античност и ранното средновековие., Народна воля, октомври – ноември 2013.

Идването на варварите, Народна воля, декември 2013 – јануари 2014.

Славяните. Кои са, откъде идват?, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, март – април 2014.*

Средновковни мнения за произхода на славяните, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* април – мај 2014.

Славяните преди началото на редовните нападения, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* мај - јуни 2014.

Дилемата славяни – антични (Македония през VII в.), Народна воля, февруари-март 2014.

Първите десетилетия след населването, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* јули 2014.

Первунд и края и последната славянска обсада на Солун, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* август – септември 2014.

Сермесианците и Кувер, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* јануари – февруари 2015.

Македония през осми век, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, март – април 2015.*

Македония в началото на девети век, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, септември - октомври 2015.*

Налагането на византийска власт в Македония, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, ноември 2015 – април 2016.*

Падането на териториите в северна и западна Македония под българска власт, *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство, април 2016.*

Политически промени – Балканите в края на VII в., *Народна Воля, македонски вестник за теория, история, култура и изкуство,* октомври - ноември 2016.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените податоци и оцени за научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Стојко Стојков може да се заклучи дека се работи за изграден и афирмиран научен истражувач со потврдени квалитети и компетенции во областа со која се занимава. Д-р Стојко Стојков со својата досегашна активност остварил доволен број поени за избор во наставно-научно звање. Според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот остварил вкупно 361.5 поени и тоа: во доменот на наставно-образовната дејност остварил 30 поени, во доменот на научноистражувачката дејност остварил 113.5 поени и во доменот на стручно-апликативната дејност остварил 218 поени. Поради тоа, со особено задоволство и чест **му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го избере д-р Стојко Стојков во звањето вонреден професор за наставно-научните области средновековна историја и византологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Коста Аџиевски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Бобан Петровски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Тони Филиповски, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | Монографија или научна книга | | | 2 | 15 | 30 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) | 1 | 9 | 4 | 9 | 45 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (трет автор) | | | 1 | 3 | 3 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 6 | 2 | 1 | 3 | 15 |
| | Пленарно предавање на научен собир | 1 | 3 | | | 3 |
| | Учество на научен собир со реферат | 7 | 1.5 | 2 | 2 | 14.5 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 1 | | | 1 |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **113.5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | | 36 | 6 | **216** |
| | Елаборат | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **218** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **361.5** |